Александар АТАНАСОВСКИ

УДК: 327.5(497)„13“

# НЕДОВЕРБАТА МЕЃУ „БАЛКАНЦИТЕ“ ВО XIV ВЕК, ПОСЛЕДИЦИ И ПОУКИ

**Кратка содржина**

*Историјата на поголемиот дел од Балканскиот Полуостров во XIV век е историја на меѓусебните односи на трите конкурентни држави: Византија, Бугарија и Србија. Нивните меѓусебни недоразбирања постојано ги тераат да се најдат во еден или во друг сојуз, насочен против една или против друга држава. Тука не треба да се заборават и внатрешните недоразбирања меѓу одделни првенци и обидите на соседите да ги искористат за свои цели. Од друга страна, неслогата меѓу владетелите на овие три држави ја користеле азијатските Турци (Селџуци и Османлии) за свои цели. Токму затоа овде ќе презентираме дел од тие моменти на „недоверба“ меѓу Балканците и последиците од тоа, како и поуките за идните поколенија. Во рамките на можностите, во претстојниот текст ќе се задржиме на: граѓанските војни во Византија; односите помеѓу Србоја и Бугарија; врските на одделните политички личности со други такви од овие простори; меѓусебните пријателства и непријателства; последиците од сето тоа и дали денес не правиме слични грешки.*

***Клучни зборови:*** *ВИЗАНТИЈА, БУГАРИЈА СРБИЈА, ВОЕНИ ДЕЈСТВА,; КОНФЛИКТИ, ВОЕНИ СОЈУЗИ, МИР, ОСМАНЛИИ, ГРАЃАНСКИ ВОЈНИ, ПОСЛЕДИЦИ, ПОУККИ, СФРЈ, РАСПАЃАЊЕ, НЕДОВЕРБА.*

## Експозе

Последниот период од историјата на Византија – доцна Византија, во многу нешта се разликува од претходниот – средновизантискиот период. Макар и обновена по 1261 година, Византија била само бледа сенка на некогашната империја. Голем дел од нејзините некогашни територии се наоѓале надвор од доменот на нејзината власт. На Балканот, веќе само фиктивно Византија е главната сила, поголемиот дел од него го држат Бугарите и Србите[1], коишто не ги кријат своите амбиции за ликвидирање на Ви-

[1] Острогорски Г., Историја Византије. Београд 1969, 423.

зантија и за создавање на словенско-ромејско царство, на нејзиното место (идеја присутна уште од X век – Симеон). Меѓународниот углед на Византија е на ниско ниво. Таа формално-правно го задржала приматот во христијанскиот свет, но фактичката состојба е сосема поинаква. На внатрешен план, исто така се чувствува опаѓање на византискиот организам. Тематското уредување, столбот на некогашната византиска моќ, речиси и не постои. Угледот на централната власт, во некои делови, не се чувствува. Императорите стануваат инструмент за задоволување на личните потреби и амбиции на одделни феудални магнати коишто не избираат средства и начини за да ги остварат своите цели. Недовербата меѓу членовите на владејачката династија се зголемува и тоа доведува до граѓански војни. Во тие граѓански војни се замешале и соседните балкански владетели, секој воден од својот интерес. Тие војни, фактички ја уништиле Византија многу порано отколку што го сториле тоа Османлиите.

Првата граѓанска војна, во XIV век, во Византија, започнала помеѓу Андроник II и неговиот внук Андроник III. Во почетната фаза, таа војна не се рефлектирала врз балканските владетели и завршила со мирно решение (1321 год.). Веќе во наредната 1322 година, пламнала повторно[2]. Во тој период, тие внатрешни немири во Византија ги искористил бугарскиот владетел Михаил Асен (Шишман) и, во летото 1324 година, навлегол длабоко на византиска територија, стигнал до Вира и Трајанопол[3]. Но потоа се вратил назад, без да ги задржи тие области[4].

Младиот Андроник имал поддршка од богатиот феудален магнат Јован Кантакузин којшто, воедно, е и извор за овие настани. Тој навестува дека при ова бугарско навлегување во Тракија дошло до контакт помеѓу Андроник Младиот и Михаил Асен и до предлог да војуваат заедно против Андроник II[5]. Во Цариград било одржано советување на двете групации по прашањето на бугар-

---

[2] Острогорски Г., Историја Византије, 466–467.

[3] Гагова, Тракия през българското средновековие. Историческа география. София 1995, 256–257.

[4] Божилов И. – Гюзелев В., История на средновековна България VII–XIV век. Анубис, София 1999, 563.

[5] Ioanis Cantacuzeni eximperatoris Historiarum libri IV, I-III, Ed. L. Schopenus, Bonnae, 1828–1832., I, 179–180; Божилов И., Фамилията на Асеневци (1186–1460). Генеология и просопография. София 1985 (Второ фототипно издание: Софи® 1994), 122; Божилов–Гюузелев, История, 564.

ските упади и по искажаните различни мислења. Преовладеало мислењето дека не треба да се војува со Бугарите, туку да се бара мирен начин. Сметале на гласините дека Михаил Асен бил готов да ја протера првата сопруга (Ана или Неда!), ќерка на Стефан Урош II Милутин,[6] и да се ожени со Теодора, сестра на Андроник Младиот[7]. Токму тоа му одговарало и на Михаил Шишман Асен и се оженил за Теодора и според Кантакузин, „Ромеите и Мизите поминаа во мир долго време“[8]. Во суштина, тој мир траел две години.

Набргу дошло до нов византиско-бугарски договор, склучен меѓу бугарскиот цар и Андроник III (од 2. II. 1325 година, соимператор на Андроник II). Средбата се случила на 13 мај 1327 година[9]. Целта на договорот била „Михаил да му помага на младиот император против дедо му, а Андроник III да му помага на Михаил против кралот на Србија“[10]. Како противтежа на тие акции, Андроник II склучил сојуз со српскиот крал Стефан Дечански[11].

Граѓанската војна во Византија влегла во завршна фаза. Успехот бил на страната на Андроник Младиот којшто завладеал со градовите во Македонија, а од јануари 1328 година и со Солун[12]. Причините за неговиот успех лежат во пасивната улога на помошните српски војски што ги предводел Хрељa, кои требало да дејствуваат на страната на стариот император. Но, по оценка на Хреља, тие војски не се вклучиле во борбите и го пуштиле младиот император да влезе во градот Сер[13].

---

[6] Во постарата литература фигурира името Ана, а во поновата е Неда. Бракот бил склучен по 1290 година. Спореди: Архиепископ Данило, Животи краљева, 117–119: Византијски извори за историју народа Југославије (ВИИНЈ), Том VI, Београд 1986, 198, бел. 83 и 307, бел. 104 ( Б. Ферјанчић – С. Ћирковић).

[7] Cantakuzen, I, 180–187: F. Dölger, Einiges über Theodora, die Griechin Zarum der Bulgarien (1308–1330) – Mélanges H. Gregoire I. Annuaire de l'Institut de Philologie et d'Histoire orientales et Slaves, 9 (1949), 211–221; Божилов - Гюзелев, История, 550.

[8] Cant., I, 187; ВИИНЈ, VI, 197 бел.82; Божилов, Асеневци, I, No.29, стр. 139.

[9] Chronica Byzantina Breviora, 1–2. Recensuit, Comentario indicibusque instruxit Petrus Schreiner, Wien, 1975, 1977, I, Nom. 8, p.78; Cant. I, 207–208; Nicephori Gregorae Byzantina historia. I-III, ed. L. Schopen; Vol . III, ed. I. Bekker, Bonae, 1829, 1830, 1855., I, 391–392; Божилов, Асеневци, 131, бел. 47.

[10] Nic. Greg. I, 391.

[11] Острогорски, Историја Византије, 468.

[12] Исто, 468; Nicol, Byzantium 1261–1453, 167–168; Божилов, Асеневци, 260; Божилов–Гюзелев, История, 566.

[13] Cant. I, 259–265; ГИБИ, X, 241.

Токму во текот на овие успеси, бугарскиот владетел Михаил Шишман Асен ги променил своите ставови и се зближил со Андроник II. Тоа го сторил со цел да го завладее Цариград. Бил склучен договор во јануари-февруари 1328 година, по што Михаил тргнал кон границата на Византија. За овие настани еве што вели Никифор Григора: „во средината на пролетта (1328 г.) побрзал самиот тој (Андроник III) кон Византион, за да не го испревари бугарската војска која, штом ја најде престолнината без доволно војска и измачена од глад, причинет од пристигнатата венецијанска флота, ќе го убие императорот (Андроник II) и, така да се каже, сите кои ќе ѝ излезат во пресрет, и да постави под власта на својот владетел една држава од Византион до Истар“[14].

Намерата на бугарскиот владетел не се остварила. Откако Андроник III дошол до Константинопол, Михаил се повлекол во својата земја. Набрзо потоа, на 24 мај 1328 година, Андроник III се прогласил за самостоен император[15]. По овој настан, бугарскиот владетел навлегол во византиска Тракија, но само ограбил дел од неа, за нешто повеќе немал сила. На тоа одговорил Андроник III, со противнапад којшто го натерал Михаил Шишман да се повлече. За да не остане должен, Андроник III го завладеал Јамбол, но бил принуден да го напушти. Според Ј. Кантакузин, по 60 дена, следувало третото и последно дејствие на таа непотребна војна. Во септември, Михаил се нашол на византиска територија, го завладеал Вукелон и го опсадил Пров ат[16]. Андроник III му излегол во пресрет и се улогорил кај Адријанопол[17]. По триесетина дена колебање, дошло до преговори. Андроник III го обвинувал својот партнер за нарушување на клетвите, т.е. на договорот од 13 мај 1327 г., склучен кај Черномен. Михаил Шишман барал како зет на Андроник III, да добие дел од баштинското наследството. На крајот, мирот бил обновен и потврден со лична средба. Михаил Шишман ги прифатил условите од договорот од 13 мај 1327 година[18].

Согледувајќи дека неговите планови кон Византија не можеле да се остварат, Михаил Шишман ја насочил својата политика кон Србија. За таа цел, му бил потребен здрав мир со Андроник

[14] Nic. Greg. I, 415.

[15] Острогорски, Историја Византије, 468; Nicol, Byzantinum 1261 -1453, 168.

[16] Cant. I, 324.

[17] Исто,324.

[18] Исто, 326 - 329; Nic. Greg. I, 430 - 431; Божилов - Гюзелев, История, 567 - 568.

III и, затоа, го поканил на нова средба во Кримни каде што двајцата склучиле „здрав и вечен сојуз“[19]. Овој договор фактички значел обновување на договорот од 13 мај 1327 година и предвидувал заеднички дејствија против кралот на Србија Стефан Дечански.

Според воениот договор, Византија и Бугарија требало да ја нападнат Србија од две страни, така што, како што вели Никифор Григора: „Кралот нема да биде кадар да се бори на две страни и ќе биде ослабен со загубата на голема земја на двете страни“[20].

Воените дејствија започнале во почетокот на летото во 1330 година, со навлегувањето на Андроник III во „полето на Пелагонците“[21]. Од нападите што ги презела византиската војска биле погодени областите Демир Хисар и Порече, кои претставувале погранични областите меѓу Србија и Византија. Во овој поход, Византија успеала да освои некои погранични утврдувања. Според Ј. Кантакузин, Андроник III ги освоил Бучин, Деврица, Добрун, Каваларион и Сидерокастрон[22].

Бугарската војска навлегла во горното течение на реката Струма и се улогорила кај тврдината Землен, близу Велбужд[23] (денешен Ќустендил). Српската војска пристигнала и се улогорила на реката Каменча[24] (ќустендилско). Тука, на просторот помеѓу Велбужд и Землен, на 28 јули 6828 (1330) година се одиграла познатата Велбуждска битка во која била разбиена бугарската војска, а Михаил, убиен[25].

---

[19] Cant. I, 340 –341; Византијски извори, VI, 197; ГИБИ, X, 255–259; Историја српског народа, I, 506. За положбата на Кримни види: Божилов–Гюзелев, История, 568.

[20] Виз. Извори, VI, 207–208.

[21] Исто, 208.

[22] Cant. I, 428; Виз. извори, VI, 336. За положбата на освоените тврдини спореди: Аџиевски К., Пелагонија во средниот век. Скопје 1994, 168 и бел. 13; 170 бел. 15 и 16; Божилов–Гюзелев, История, 571 и бел. 32 -36.

[23] Божилов - Гюзелев, История, 571; Станојевић С., Битка код Велбужда. – Братство XXIV. Београд, 1930, 8; Атанасовски А., Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половина на XIV век. – Годишен зборник на Филозофски Факултет – Скопје, 22 (48). Скопје 1995; 230 и бел. 39.

[24] За правецот на движење на српската војска спореди: Шкриванић Г., Путеви у средњовековној Србији. Београд 1974, 96; Атанасовски А., Пијанец во XIII и XIV век. Куманово 1996, 69–71.

[25] Виз. извори, VI, 338 бел. 132; 210 бел. 111; Станојевић, Битка код Велбужда, 117; Божилов–Гюзелев, История, 572 - 573.

Андроник III дознавајќи за судбината на бугарскиот владетел ја напуштил Македонија и решил да ја искористи ситуацијата и тргнал на поход против Бугарија, без многу труд ги зазел Анхиало, Месемврија, Ајтос, Ктенија, Русокастро и Јамбол[26]. Овие загуби ја влошиле положбата на српското протеже во Трново Иван Стефан и избил бунт на чело со деспот Иван Александар. Во пролетта 1331 година бил симнат Иван Стефан, а на негово место бил поставен Иван Александар[27]. Нешто слично се случило и во Србија. Воинствените властела го симнале од престолот Стефан Дечански и на негово место го довеле син му Стефан Душан (8 септември 1331 година)[28].

Новите владетели на двете јужнословенски држави Србија и Бугарија, го заборавиле минатото и погледнале кон иднината. Тие решиле да склучат меѓусебен договор за мир, поткрепен со династички брак. На 19 април 1332 година, Велигден[29], Елена сестрата на Иван Александар,[30] се омажила за кралот Стефан Душан.

Овој мир му бил потребен на Душан за да може да ја реализира својата политика кон Македонија. Од друга страна, и Иван Александар имал потреба од мир за да може внатрешно да ја зајакне државата. Тој, исто така, склучил мир и со Андроник III, летото 1331 година, којшто мир предвидувал династички брак со Марија (Ирина) кој се реализирал во есента 1338 година или пролетта 1339 година[31].

Душан успеал во своите намери, ја проширил државата на југ, но во 1334 година, дошло до склучување на мир меѓу него и Андроник III[32], кој не бил нарушен до крајот на владеењето на Андроник III.

---

[26] Cant. I, 431; Nic. Greg. I, 457–458. За локализацијата на тврдините види: Гегова, Тракия, 187–188.

[27] Cant. I, 458–459; Nic. Greg. I, 458.

[28] Ћирковић С., Владавина Стефана Уроша III (Историја српског народа, I), 510; Ферјанчић Б., Освајачка политика краља Душана ( Историја српског народа, I), 511; Божилов–Гюзелев, История, 585.

[29] Византијски извори, VI, 394, бел. 118; Историја српског народа, I, 511.

[30] Божилов, Асеневци, I, Nom. 37, 186–191.

[31] Cant. I, 504–505; Божилов, Асеневци, 193 и бел. 12 и стр. 194.

[32] Cant. I, 454–455; Nic. Greg. I, 498; Данило, Животи краљева и архиепископа, 222–124; Византијски извори, VI, 345 и бел.157. Спореди и: Острогорски, Историја Византије, 471; Историја српског народа, I, 514; Динић М., За хронологију Душанових освајања византиских градова. – ЗРВИ, IV, Београд 1956, 7; Атанасовски, Балканот и Македонија, 231; истиот, Пијанец, 73.

До нови прегрупирања во политичките кругови на балканските држави доаѓа по 1341 година, по смртта на Андроник III. Во Византија владеело регентство во имеќе на малолетниот Јован V. Меѓу членовите на регентството започнала граѓанска војна во која на една страна, бил Јован Кантакузин, а на другата, Ана Савојска и Алексиј Апокавк. Во потешка положба бил Ј. Кантакузин којшто се наоѓал во Димотика, каде што се прогласил за цар, под изговор дека ќе се бори за зачувување на легитимните права на Јован V. Двете страни биле во потера по сојузници.

Јован Кантакузин ја оставил жена си во Димотика, а тој заминал на Запад, со цел да влезе во Солун. На тој пат, Кантакузин се сретнал со самостојниот владетел во Источна Македонија Хреља и со него склучил договор за заеднички дејстваија[33]. Но, помошта од Хреља не била доволна за успех на Кантакузин. Тој не успеал да влезе во Солун и морал да се повлече на север, по реката Вардар, и да бара помош од Стефан Душан. На преговорите, меѓу другото, станало збор и за Хреља. Тој пак, увидувајќи дека ќе стане жртва на тие преговори, го освоил градот Мелник и изјавил дека се враќа под власта на Душан[34]. На тоа протестирал Кантакузин, но напразно.

Добрите односи меѓу Ј. Кантакузин и Душан не траеле долго. Летото 1343 година, тие се разделиле[35] во различни табори и секој дејствувал на своја рака.

Душан, користејќи ја граѓанската војна во Византија, успеал да ја завладее речиси цела Македонија, без Солун, и, во 1346 година, се крунисал за цар на „Србија и Романија“. Пред тоа, ја издигнал Пеќската архиепископија во ранг на патријаршија[36].

Кантакузин, по 1345 година, имал повеќе среќа. По смртта на Алексиј Апокавк, тој преминал во офанзива. Тесалија го признала за цар и, користејќи се со помошните сојузнички војски на Турците, успеал, во 1347 година да влезе во Цариград и почнал

---

[33] Атанасовски А., Протосеваст Хреља претставник на македонската аристократија во првата половина на XIV век. – Македонската историска наука – достигнувања и проблеми. Прилози од научниот собир одржан во Скопје на 17–19 ноември 1998 година. Скопје 2000, стр. 65 - 67.

[34] Cant. II, 275; Византијски извори, VI, 404; Атанасовски, Протосеваст Хреља, 67.

[35] Византијски извори, VI, 433.

[36] Исто, 262, бел. 120; Острогорски, Историја Византије, 486–487; Историја српског народа, I, 523.

да владее како Јован VI, во името на малолетниот Јован V[37] кого го оженил за ќерка си Елена.

Веднаш потоа, Кантакузин му испратил пратеници на Душан со цел да му ги врати освоените градови во Македонија коишто, во времето на склучувањето на заклетвата (1342 година), биле под византиска власт. Оваа барање не било исполнето и дошло до заострување на византиско-српските односи. До 1350, година Ј. Кантакузин ги освоил Верија и Воден. Тогаш Душан се упатил кон Солун и му испратил пратеници на Ј. Кантакузин обвинувајќи го за неблагодарност кон гостопримството што му го дал. Преку тоа пратеништво, му предложил средба за решавање на недоразбирањата и за обновување на договорот за мир. На средбата под Солун, Душан, покрај обвинувањата, му предложил на Ј. Кантакузин договор за мир при што „да го задржат она што го поседуваат". По неколку дена размислување, двете страни го прифатиле предлогот и бил склучен договор за мир. Веќе идниот ден, Душан го раскинал договорот и продолжил со освојување на градовите околу Солун[38]. Во борбата против Душан, Ј. Кантакузин ангажирал турска наемна војска којашто безмилосно ги пљачкала Тракија и Македонија.

Како резултат на турските пустошења во 1349/50 година, настрадале бугарските територии во Тракија, а во една битка со нив, загинал еден од синовите на Иван Александар – Иван Асен[39]. Поради отпорот на бугарската војска, Османлиите не можеле да навлезат во северниот дел на државата. Макар и по цена на скапи жртви, Бугарите покажале дека една умешно организирана и упорна одбрана може да ги запре помногубројните грабачки одреди на Османлиите.

Какви и да биле намерите на Ј. Кантакузин, настаните од крајот на 40-тите години покажуваат дека варијантата „користење на Османлиите против Бугари и Срби" се покажала несреќна. Османлиите не престануваат со грабеж на византиска територија, а нивните походи во Бугарија ги надминуваат неговите планови за „въздържане и респектиране" на Бугарите[40]. Првото го прави многу непопуларен во Византија и ѝ помага на опозицијата да се кон-

[37] Острогорски, Историја Византије, 485.
[38] Византијски извори, VI, 485 и 524; Историја српског народа, I, 543.
[39] Матанов Х. – Михнева Р., От Галиполи до Лепанто. София 1988, 32.
[40] Исто, 32.

солидира против него, а второто води до политичка изолација. Затоа, Ј. Кантакузин бил принуден да бара излез. Единственото што можел да го направи било да го контролира преминот на Османлиите во Европа. Никој во Византија не ја поддржувал илузијата за поход во Азија, иако таму сѐ уште тие држеле десетина помали византиски тврдини. Најреален начин за спротивставување бил да се воспостави контрола над протоците, а посебно во Дарданели. За реализација на таквата контрола била потребна флота која требало да патролира по должината на 120-километарската крајбрежна линија на Галиполскиот Полуостров и да го спречи преминувањето на османлиските одреди, кои користеле мали кораби и кајчиња. Византиска флота не постоела. Државната благајна била празна. Ј. Кантакузин апелирал неколку пати до побогатите граѓани да соберат доброволна помош за изградба на многу кораби. Била собрана сума со која биле направени значителен број кораби. Но таа флота не успеала да ја исполни доверената задача. Причината за тоа биле џеновјаните кои, плашејќи се за своите трговски привилегии, ја уништиле византиската флота[41]. Паралелно со тоа, како средство за притисок врз Византија, џеновјаните од Галата започнуваат да бараат помош од Османлиите. Емирот Орхан им испратил воена сила за заштита на утврдувањето на колонијата.

Со напорите на Ј. Кантакузин да ја возобнови византиската флота, како средство за контрола на Османлиите, е поврзан и првиот посериозен обид за организирање заеднички отпор на балканските држави против нив. По големиот напад во Бугарија, во 1349/50 година, бугарскиот цар Иван Александар отворено го обвинил Ј. Кантакузин дека смислено ги испраќа одредите на Сулејман во бугарската територија. Кога во 1351 година, во Трново, пристигнало византиско пратеништво, тоа првин, се извинило на бугарскиот цар за тоа што се случило. Од името на Ј. Кантакузин, византиските пратеници истакнале дека ромејската држава не е во состојба да ги спречи османлиските навлегувања во Бугарија. Единствениот излез од ситуацијата бил Бугарите и Византијците да се сојузат и заедно да ги запрат „варварите“ . За тоа било неопходно бугарскиот владетел да му достави на Ј. Кантакузин извесна сума парична, со која ќе се одржува византиска

[41] Cant. III, 69, 82; Greg. III, 842, 877.

флота во Хелеспонт. Тој, од своја страна, нема да допушти Османлиите слободно да идат на балканска земја. Според зборовите на Ј. Кантакузин, трновските жители го одобриле византискиот предлог и самиот цар Иван Александар бил готов да се согласи. Според „Анонимната бугарска хроника", слични предлози биле испратени и до српскиот цар Стефан Душан[42].

Ако можеме да му веруваме на Ј. Кантакузин, бугарскиот владетел првин се согласил со византискиот проект, но, подоцна, по сугестија на Стефан Душан, се откажал од соработката со Ромеите. Со откажување одговорил и српскиот владетел. Со тоа, делото било уништено уште во зародишот[43].

Околу причините зошто се откажал бугарскиот владетел, искажани се различни мислења. Сепак, најреално е она гледиште според кое тој, едноставно, немал доверба во Ј. Кантакузин којшто можел да ја искористи таа флота за притисок врз Бугарија[44].

Покрај тоа што во 1351 година не дошло до формирање на антиосманлиска коалиција, ниту бугарскиот ниту српскиот владетел можеле да останат индиферентни кон османлиската опасност. Една од варијантите за дејство била да се содејствува за паѓањето на Кантакузин од престолот и за интронизација на Јован V Палеолог кој отворено ги пројавувал аспирациите за власта и со ништо не покажувал дека ќе ја следи политиката на сојуз со Османлиите. Освен тоа, во Бугарија и во Србија многу добро знаеле дека секое успешно вмешување во византиските работи, природно ветува територијални придобивки. Затоа, во 1352 година, кога Јован V Палеолог отворено се кренал против Ј. Кантакузин, Бугарите и Србите брзаат да му испратат воена помош. Ј. Кантакузин, од своја страна, ги повикал османлиските одреди, на чело со Сулејман. Кај ѕидините на Димотика, силите на Јован V стоеле против војските на Ј. Кантакузин во кои имало само 600 Ромеи и 1.000 каталонски наемници, сите останати биле османлиски Турци[45]. Османлискиот одред го решил исходот на битката во полза на Ј. Кантакузин, за што самите се наградиле со грабеж околу Пловдив, Јамбол и Ајтос[46].

[42] Cant. III, 164–165; Дуйчев Ив., Из старата българска книжнина. София 1944, Т. II, 265 - 267.

[43] Матанов–Михнева, От Галиполи, 39.

[44] Исто, 34 - 35.

[45] Исто, 35.

[46] Cant. III, 250.

Битката кај Димотика е прв случај кога на бојното поле, против Османлиите, застанале рамо до рамо Византијци, Бугари и Срби. Тоа немало карактер на свесно направена антиосманлиска коалиција. Самиот Ј. Кантакузин тврди дека ниту Србите ниту Бугарите не знаеле дека за противник ќе ги имаат османлиските одреди.

Веднаш по поразот кај Димотика, османлискиот водач Сулејман ја зазел малата тврдина Цимпе, на Галиполскиот Полуостров. Според Григора, самиот Ј. Кантакузин му ја отстапил тврдината за да го има при рака секогаш, во случај на неопходност[47]. Ј. Кантакузин ги отфрла тие обвинувања и го обвинува Сулејман дека самоволно ја присвоил Цимпе. Дури соопштува дека му предложил на Сулејман да ја напушти Цимпе за 10.000 перпери. Дури и лично отишол во Никомедија, кај емирот Орхан, да преговара. Точно кога требало да се случат тие преговори, се случил земјотрес на европското крајбрежје. По тој земјотрес Сулејман ја зваладеал и тврдината Галиполе. Емирот Орхан не се јавил на преговорите[48]. Така, во средината на 50-тите години на XIV век, Османлиите здраво стапнале на европска почва и османлиската опасност за Европа станала реалност.

Во првите години на османлиското присуство на балканска почва, има случаи на успешни антиосманлиски дејства. Во летото 1357 година Матеј Кантакузин навлегол во југоисточна Македонија, со значителен османлиски одред од наемници. Тука, месното население од областа на Филипи се кренало на оружје и дел убило, дел заробило од османлиските војски, заедно со ромејската свита на византискиот аристократ[49].

За некаков отпор против Османлиите на запад од долното течение на р. Места започнало да се мисли кон средината на 60-тите години, кога, по преземањето на Ѓумурѓина, се приближиле кон родопското крајбрежје и кон Јигоисточна Македонија. Во тој период напорите за отпор се концетрираат во Сер, престолнина на серското Кнежевство кое изникнало во периодот 1357–1360 година, на чело, првин, со царица Елена а, потоа деспот Јован Угљеша. Токму со последниот е врзан еден од нејсериозните обиди

[47] Greg., III, 203.

[48] Cant. III, 279–281.

[49] Матанов–Михнева, От Галиполи, 41.

на балканските христијани да го запрат османлиското напредување и дури да ги прогонат од пределите на Европа[50].

Во пролетта или во летото 1364 година, додека во Сер уште управувала царицата Елена, пристигнал византискиот патријарх Калис за да води преговори за црковно помирување меѓу Цариград и Сер. Тие преговори завршиле без резултат бидејќи Калист се разболел и умрел во Сер. Но идејата за антиосманлиски сојуз помеѓу Цариград и Сер не исчезнала во следните години, напротив, таа идеја нашла ревносен приврзаник во лицето на деспот Јован Углеша.

Деспотот Углеша бил еден од малкуте владетели на Балканот во 60-тите години на XIV век за кого решението за османлискиот проблем лежи во решителна офанзива која ќе ги протера Османлиите од европското тло. За серскиот деспот било јасно дека неговите сили не се доволни и затоа е потребна една поширока антиосманлиска коалиција за да се реализира таквата офанзива. Најискрен приврзаник Углеша наоѓа во лицето на својот брат кралот Волкашин кој, во 60-тите години формира свое независно кралство, со центар во Македонија, а владеел и територии од Јужна Србија. Целата дипломатска иницијатива за организирање на антиосманлиска коалиција паднала на товар на Јован Углеша. Тој настојувал за сојузник да ја привлече и Византија. За таа цел, тој го реализирал проектот за црковно помирување помеѓу Цариград и Сер и затоа издал грамота, писмо, во март 1368 година, кое што Византијците го разгледале дури во мај 1371 година[51].

Веројатно деспот Углеша испратил свои пратеници со слични предлози и до други балкански владетели. Сите тие биле зафатени со други „неодложни" работи или, просто, не биле доволно далекувидни за да го сфатат големото значење на предлаганиот сојуз од страна на серскиот владетел. Дипломатските чекори на деспот Углеша останале без политички резултат.

Во пролетта 1371 година, Јован Углеша решил сам да тргне во решавачка акција, при што сметал само на поддршка од брата

---

[50] Исто, 47; Атанасовски А., Почетоците на серската држава на чело со царица Елена. – Годишен зборник на Филозофски Факултет – Скопје, 55, Скопје 2002, 125–133.

[51] Соловјев А., - Мошин В., Грчке повеље српских владара. Београд 1936, 71 - 88; Острогорски Г., Серска област после Душанове смрти. Београд 1965, 135; Матанов - Михнева, От Галиполи, 48.

си крал Волкашин. Кон крајот на август или во почетокот на септември војските на двајцата браќа, составени од војници собрани само од нивните потчинети територии, се обединиле и навлегле во Источна Тракија, каде што успеале да проникнат до долното течение на реката Марица. Тоа е најзначајната војска која, до тој момент им се спротивставила на Османлиите. Во раните часови на 26 септември 1371 година кај тракиската тврдина Черномен, деспот Углеша и крал Волкашин претрпеле пораз. На бојното поле загинале и двајцата владетели[52]. Така, првиот сериозен обид на балканските христијани, со сопствени сили да, се спротивстават на Османлиите, завршил со неуспех.

Византија на тој пораз гледала радосно. Таа го искористила поразот за да ги прошири своите владенија за сметка на серската држава[53]. За причините за поразот на христијанската војска најподобна е изреката на Константин Михајлович од Островица кој вели: „Знајте дека тие неверници (Османлиите) се смели и јуначни не сами по себе, а поради нашите несогласувања. Ние, со нашата заемна омраза и со непријателството, им ја даваме победата“[54].

Додека јужнословенските владетели се обидувале да направат сојуз против Османлиите, Византија бара помош од Запад, од каде добива само ветувања и уцени дека тие ветувања ќе се реализираат откако ќе биде склучена црковна унија. Така, додека Балканците се однесувале со недоверба едни кон други, Османлиите стигнале до Виена.

*Последици:* Последиците се очигледни. Како резултат на неслогата на Балканците, Османлиите ја зацврстиле својата власт на Балканот и успеале да ја одржат во некои делови пократко во други дури повеќе од пет века.

*Поуки:* Во почетокот на XX век, јужнословенските народи се ослободија од Османлиите. Но и понатаму останаа разединети и недоверливи едни кон други. Во Првата светска војна ги гледаме на различни страни Бугарите и Србите. Потоа се раѓа идејата за Балканска Федерација која не се реализира. Во Втората светска

---

[52] Гюзелев В., Извори за средновековната история на България (VII–XV в.), 31 и 33; Острогорски, Серската област, 143; Стојановски А., Маричката битка и нејзините последици. – Во кн. Македонија во турското средновековие. Скопје 1989, 15–16.

[53] Матанов - Михнева, От Галиполи, 53–54.

[54] Константин Михаиловић из Островице, Јаничареве успомене или Турска хроника. Београд, 1986, 125.

војна пак се повторуваат истите работи, пак секој на своја страна. По Втората светска војна, се создаде СФРЈ, на поголемиот дел од Балканот, на другиот дел беа Бугарија, Албанија и Грција. Тие држави влегоа во различни воено-политички блокови – НАТО и Варшавскиот, СФРЈ остана неврзана.

Во периодот на „транзицијата", СФРЈ се распадна на повеќе држави. Тоа распаѓање се изврши на душмански начин. Едноставно, политичките лидери на дотогашните републики заборавија дека живееја „братски" и почнаа со крвави војни да ги бараат териториите што им припаѓале на нивните предци пред да дојдат Османлиите и да заговараат некакви „велики" држави. Во таа непотребна војна се создаде голема омраза која, во последно време, се настојува да се надмине, т.е, да се заборави минатото и да се погледне на иднината со разум. Сè уште Балканците ја немаат научено лекцијата од минатото дека нивната неслога ја користат други и на неа профитираат. Токму сега, кога сите Балканци се стремат да влезат во Европската Унија, се прават разни пазарења, уцени и ред други работи. Мислам дека, конечно, Балканците треба да си погледнат едни на други во очи, со доверба, и да направат една балканска унија која ќе им биде од полза на сите и која ќе биде конкурентен партнер на ЕУ. Тогаш господата од Запад нема да нè уценуваат, туку, конечно, ќе почнат да нè ценат, да нè почитуваат и да нè респектираат.

(Рецензент: *проф. д-р Милан Бошкоски*)

Aleksandar ATANASOVSKI

# MISTRUST IN THE BALKAN'S IN XIV CENTURY - LEARNING AND

## Consequences

*The history of the larger part of the Balkan's in XIV century is a history of mutual relationships of the three competing states: Byzantium, Bulgaria and Serbia. Their mutual misunderstandings were driving abovementioned states to find themselves in various alliances. One could not forget internal misunderstandings amongst some of the notables and attempts of the neighbors to utilize such graved situation for their purposes. On the other hand, Turks (Seljuk and Ottoman) used the discord amongst the Balkan's rulers to spread and strength their position. In this supplement we are going to put our interest on: civil wars in Byzantium; relationships between Bulgaria and Serbia; connections amongst various outstanding persons in the region; mutual friendships and enmities; consequences of the abovementioned and whether we reiterate similar mistakes.*

***Keywords:*** *BYZANTIUM, BULGARIA, SERBIA, TURKS.*